# Упатство за рачна правосмукалка
# MAX HVC-055

УСЛОВИ НА БЕЗБЕДНОСТ. ВАЖНО УПАТСТВО ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ УПОТРЕБА ВЕ МОЛИМЕ ВНИМАТЕЛНО ПРОЧИТАЈТЕ И ЧУВАЈТЕ ГО ЗА ИДНИ ПОТСЕТУВАЊА.

1.Пред употреба на уредот внимателно прочитајте ги и секогаш следете ги следните упатства.
Производителот не е одговорен за оштетувања кои произлегуваат од неправилна употреба на уредот.
2. Овој прозивод може исклучиво да се полни со својот адаптер за полнење.
За време на полнењето апаратот треба да биде исклучен.
За време на полнењето светлото за индикација ќе свети црвено.
Откако уредот ќе се наполни светлото ќе се промени во зелено.
Откако ќе светне зелено светло да не се продолжува со полнење на уредот.
3. Во нормална состојба, овој уред треба да се користи половина час.
По истекот на ова време потребно е да се лади 10 минути за да не дојде до оштетување на уредот и да нема ефекти врз батеријата на подолг рок.
4.Бидете внимателни кога го употребувате уредот во близина на деца.
Не им дозволувајте на децата да си играат со уредот.
Не им дозволувајте на децата или луѓето кои не го познаваат уредот да го користат без надзор.
5. Уредот треба да се чува на суви места.
6. Откако ќе се исчисти филтерот, добро исушете го и повторно поврзете го со апаратот.
7. Доколку забележите чуден звук или миризба веднаш престанете со користење на апаратот.
8. Строго е забрането апаратот да се изложува подолго време на сонце.
Се препорачува да не се остава/складира на отворено или во автомобил кога не се користи.
9. Да не се користи уредот за собирање на лесно запаливи супстанции (како бензин, разредувачи или неизгаснати цигари)
10.Да не се собираат предмети со остри рабови (на пр. парчиња стакло).

Технички податоци:
1. Моќност 55W  7.4V
2. Капацитет на батерија: 3000 mAH
3. Време на полнење: околу 3ч.
3. Тежина на производ: 0,4kg
4. Капацитет: 0,4л



ОПИС НА УРЕДОТ
1. Рачка
2. Прекинувач
3. Копче за прицврстување
4. Филтер
5. Контејнер за прашина
6. Црево со приключок
7. Четка
8. Четка за агли
9. Адаптер за полнење

BECAUSE WE CARE




www.agrotehna.com.mk
www.max.com.mk

Овластен сервис: АгроТехнА
Овластен увозник: АгроТехнА

ул.Христо Татарчев 1 бр. 21А
тел. 02 2463 - 373 лок. 2
моб. 071 333 253 / 078 481 973
e-mail: servis@agrotehna.com.mk
e-mail: priem-servis@agrotehna.com.mk

ИНФОРМАЦИИ ЗА НАПРАВЕН СЕРВИС:

| |
|---|
| Овластен сервисер - печат и потпис: |
| Дата на рекламација: |
| Дата на прием на сервис: |
| Забелешки: |

BECAUSE WE CARE

BECAUSE WE CARE

**ГАРАНТЕН ЛИСТ**

Гарантираме исправна работа на производот во рок од една или две години, во зависност од производот. Гаранцијата важи под услов да се ракува со апаратот нормално, поточно според упатството пропишано од страна на производителот. Гарантниот рок тече од денот на продавање на апаратот на корисникот, кој може да се потврди само со фискална сметка. Под нормална употреба на апаратот се подразбира употреба и внимателно ракување во домаќинството, како што тоа е пропишано во приложените упатства. Гарантираме дека бесплатно ќе ги отстраниме евентуалните дефекти на апаратот во гарантниот рок и тоа според проценка на сервисот, со поправки или замена на неисправниот дел од апаратот. Во случај кога во гарантниот рок, поправката би траела повеќе од 30 дена од денот на пријавување на дефектот, неисправните делови ќе бидат заменети со нови. Не сме должни на свој трошок да ги отстраниме дефектите и техничките недостатоци кои не се настанати со нормална употреба, а особено не оние кои се настанати поради:

- Неправилно или невнимателно ракување или пренесување;
- Приклучување во електрична мрежа од несоодветен или непостојан напон;
- Ако имало поправки, замена на делови или поправки што се извршени надвор од нашата СЕРВИСНА МРЕЖА;
- Доколку апаратот има батерии, истите не подлежат на гаранција;
- Во случај апаратот да се утврди дека е исправен КУПУВАЧОТ сам си ги сноси

трошоците настанати со неоправдано пријавување на дефектот.

АКО АПАРАТОТ СЕ УПОТРЕБУВА ПРОФЕСИОНАЛНО ИЛИ ПОДОЛГО ОД ВРЕМЕТО ОЗНАЧЕНО НА НЕГО, АГРОТЕХНА НЕ ОДГОВАРА ЗА НЕГОВАТА ИСПРАВНОСТ.

Кон овој гарантен лист прикачено е техничко упатство, па затоа ВЕ МОЛИМЕ внимателно да го проучите и да се придржувате кон него. Гаранцијата не важи ако гарантниот лист не е заверен од продавачот, не е соодветен на апаратот, нема сметка (фискална) за негово купување.

- Гарантен рок: 12 месеци
- Рок на сервисирање: 60 месеци
- Рок на поправка или замена: 30 дена

**ИЗЈАВА:**
Увозникот потврдува дека потрошувачите ги имаат законските права кои произлегуваат од законодавството на РМ, кое ја регулира продажбата на производите и дека овие права не се загрозени со дадената гаранција. За корисникот на овој производ важи условот даден од гаранцијата.

Со почит,
**АгроТехнА**

BECAUSE WE CARE